

**Болоњскиот псалтир** иако е пишуван во с. Рамне, Охрид, славистите  го вбројуваат овој ракопис во битолското ракописно наследство, од  причини што се смета дека во Битола се користел овој псалтир.

За потребите на црквите во рамките на Охридската книжевна школа, а и подоцна до XV век биле создадени бројни богослужбени книги.

Голем број од ракописите од освојувачите се однесени од Охрид во Болоња, Москва, Софија, Белград, Загреб, Прага, како и во други центри. Особено е значаен Болоњскиот псалтир - значаен македонски книжевен ракопис кој денес се наоѓа во Августинскиот манастир во Болоња - (Италија) уште од почетокот на 18 век, по што го добил и името. Во него има 264 пергаментни листови (270/200мм).

Книгата ја напишале книжевниците Белослав, Јосиф и Тихота од селото Рамне - Охридско, во периодот од 1230 до 1242 година.

Ракописите од тоа време обично биле пишувани со рака на пергамент, а биле и богато украсени со орнаменти и позлата.

Болоњскиот псалтир се цени дека е еден од најубавите ракописи од XIII век. Редакцијата е македонска, а правописот карактеристичен за Охридската книжевна школа.

*Македонски споменици со глаголско и со кирилско писмо. Составувачи: Илија Велев, Лилјана Макаријоска, Емилија Црвенковска. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2008* ISBN 978-9989-640-82-7